Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 04-3235/7
28.11 2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 12 став (2) точка 18 од Статутот на Националната устаов Национална опера и балет, член 77-а став (1) алинеа 2 од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013, 44/2014, 61/2015, 154/2015, 39/2016, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија„ бр.265/24), член 21 од Законот за работни односи (Сл.Весник на РМ бр.62/05, бр.106/08, бр.161/08, бр.114/09, бр.130/09, бр.149/09, бр.50/10, бр.124/10, бр.47/11, бр.11/12, бр.39/12, бр.13/13, бр.25/13, бр.170/13, бр.187/13, бр.113/14, бр.20/15, бр.33/15, бр.72/15, бр.129/15, бр.27/16 ,бр.120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 111/23, 39/25 и 74/25), и Записник бр. 04-3235/4 од 19.11.2025 и бр. 04-3235/6 од 28.11.2025 година, во врска со постапката по Интерен оглас бр. 3/2025 објавен на веб страницата на установата на 31.07.2025 година, донесувам

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати**

1. По Интерниот оглас бр. 3/2025, објавен на веб страницата на Националната опера и балет на 31.07.2025 година, за пополнување на работно место Истакнат оперски солист, шифра КУЛ0304А03001, два (2) извршители, се избираат кандидатите:
   - Билјана Јосифов и
   - Злата Тошевска Димовска.
2. По конечноста на одлуката за избор, ќе се донесе решение за унапредување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесување.
4. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Национална опера и балет.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на утврдена потреба, а по претходно известување за обезбедени финасиски средства бр. 19-8999/2 од 29.07.2025 година издадено од Министерството за финансии, НУ Национална опера и балет објави Интерен оглас бр. 3/2025, за пополнување на работно место истакнат оперски солист, шифра КУЛ0304А03001, два извршители.
На огласот објавен на веб страницата на установата, на 31.07.2025 година, се јавија тројца кандидати, Билјана Јосифов, Васко Здравков и Злата Тошевска Димовска. Од увидот во приложената документација, комисијата утврди дека тројцата кандидати ги исполнуваат условите за ниво, степен и вид на образование и работно искуство. За исполнувањето на посебните услови за работното место, 7 главни улоги и 10 претстави, комисијата ги сумираше резултатите од доставените прегледи и материјали за секој кандидат посебно, при што утврди дека кандидати кои ги исполнуваат условите се Билјана Јосифов со 7 главни улоги и 15 претстави и Злата Тошевска Димовска со 7 главни улоги и 17 претстави. Кандидатот Васко Здравков со 5 главни улоги и 9 претстави, не ги исполнува посебните услови за работното место. Согласно наведеното, во натамошната постапка продолжиле кандидатите Билјана Јосифов и Злата Тошевска Димовска. Согласно записникот од комисијата за аудиција, на 28.11.2025 година, во кој е утврдено дека двете кандидатки ги исполнуваат сите услови и критериуми за унапредување на работно место истакнат оперски солист, следуваше ранг листа со оценки:

1. Билјана Јосифов – 10
2. Злата Тошевска Димовска – 10.

По спроведената постапка, и утврдената ранг листа од страна на Комисијата, врз основа на член 77-и од Законот за култура и одредбите од Правилникот за спроведување на постапка по интерен оглас бр. 02-971/7 од 07.03.2019 година, се донесе одлука како во изреката.
**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Управниот одбор на Национална опера и балет, во рок од осум дена по приемот.
Доставено до:
- Кандидатите
- Одделение за човечки ресурси
- Огласна табла/веб страна
-Архива

Директор
Оливер Арсовски

Изработил: О.Норлева